Врз основа на член 66 став (3) од Законот за образование на возрасните („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 3/25), министерот за образование и наука, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за начинот на вршење на стручниот надзор и стручниот увид над реализација на неформалното образование на возрасните**

**Член 1**

Со овој правилник се утврдува начинот на вршење на струченеиот надзор и стручниот увид над реализација на неформалното образование на возрасните.

**Член 2**

Стручниот увид се врши со цел следење на реализацијата на неформалното образование на возрасните, примената на посебните програми и методи, како и евиденцијата и документацијата која ја водат понудувачите на услуги.

Стручниот увид може да биде редовен и вонреден.

Редовен увид се врши согласно годишниот план на Центарот и со претходно известување на понудувачот на услуги,

Вонреден увид се врши по добиени сознанија или претставки за неправилности, како и по сопствена иницијатива на Центарот или барање од надлежни органи.

При увидот службените лица од Центарот присуствуваат на реализација на посебната програма, вршат увид во документацијата, интервјуираат учесници и наставен кадар, како и други активности потребни за целосно следење на реализацијата.

За извршениот стручен увид се составува записник кој содржи:

- вид на увидот,
- податоци за понудувачот на услуги,
- ден и час на увидот,
- името и презимето на службените лица кои го вршат увидот,
- наоди од утврдената состојба и
- препораки за подобрување на реализацијата.

**Член 3**

Стручниот надзор може да биде на редовен, вонреден и контролен.

За време на редовен, вонреден и контролен стручен надзор се врши непосреден увид во работењето на установа и институција за образование на возрасните (во натамошниот текст: понудувач на услуги) од страна на Центарот за образование на возрасните (во натамошниот текст: Центарот).

**Член 4**

Редовен стручен надзор се врши по писмено решение за спроведување на надзорот, кое го донесува директорот на Центарот, врз основа на изготвениот план за стручен надзор.

**Член 5**

Понудувачот на услуги со известувањето за започнување на обука, потребно е да достави и план за реализација на обуката поделено по модули на програмата и времетраење на истата, наставниот кадар кој ќе ја реализира обуката, место на реализација на обуката и име и презиме и дата на раѓање на учесниците  вклучени во обуката.

**Член 6**

Вработените во Центарот изготвуваат план за стручен надзор и стручен увид кој го донесува директор на Центарот.

Редовниот надзор се врши во работно време и со претходно известување на понудувач на услуги.

**Член 7**

Од извршениот стручен надзор се составува записник кој содржи:

- вид на надзорот кој се врши;
- понудувач на услуги во која се врши надзорот;
- ден и час на вршење на надзорот;
- име и презиме, потпис на службеното лице од Центарот;
- наоди од утврдената состојба;
- укажувања и препораки за надминување на евентуално утврдени повреди и недостатоци и
- потпис на одговорното лице од понудувачот на услугата**.**

**Член 8**

Стручниот надзорот и стручен увид се спроведува од повеќе службени лица од Центарот и се составува записник, кој го потпишуваат сите службени лица кои биле вклучени во спроведување на надзорот и увидот и одговорното лице од понудувачот на услугата.

Примерок од записникот се доставува до директорот на Центар и до понудувачот на услуги каде што е извршен надзорот и увид.

**Член 9**

Вонреден надзор врз работата се врши по добиени сознанија за нестручно и несовесно работење на понудувачот на услуги преку претставки од физички и правни лица, како и по сопствена иницијатива на Центарот или иницијатива на надлежни органи и други институции.

**Член 10**

Контролен надзор се врши во делот на работењето на понудувачот на услуги за кој од страна на директорот на Центарот, се укажува за отстранување на утврдените неправилности или за проверка на претходно дадени укажувања и препораки.

**Член 11**

Вонредниот и контролниот надзор се вршат без претходно известување на понудувачот на услуги и може да се вршат и надвор од работното време.

За извршениот вонреден и контролен надзор, службеното лице од Центарот составува записник согласно член 7 од овој правилник.

Доколку и покрај наведениот рок не се корегирани недостатоците и пропустите, Центарот доставува известување до Државниот просветен инспекторат за нивно понатамошно постапување.

**Член 12**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

**Бр.18-12734/1** **Министер за образование и наука,**
**01.10.2025 година** **проф. д-р Весна Јаневска, с.р.**
**Скопје**